08-2097/2
23-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, **Државната комисија за спречување на корупцијата** постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2097/1 од 01.06.2026 година, СЕ ЗАПИРА поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на закон од страна на пријавените службени лица.

Предметот со број 08-2097/1 од 01.06.2026 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2097/1 од 01.06.2026 година е оформен по пријава поднесена од непознат подносител, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на службените лица ____________ , директор на ______________ Скопје и ___________, директор на ____________ Скопје, по нивното именување на функција.

Државната комисија постапувајќи по пријавата изврши увид во административната алатка на поднесени изјави за имотна состојба и интереси, при што констатираше дека пријавените службени лица ја имаат исполнето својата законска обврска која произлегува од членот 82 став 1 од Законот за спречување на корупција и судир на

интереси и имаат поднесено изјави за имотна состојба и интереси до Државната комисија.

Поради тоа, а со оглед дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на закон од страна на пријавените службени лица, Државната комисија констатира дека нема елементи за понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М член на ДКСК